*This paper examines comparisons between the terms „Social Tourism" and „Social Functions of Tourism" and their application. The use of both in our public discourse, by tourism professionals, academicians, and the media, is often mixed up in that they are used as synonyms, whereas tourism science makes clear differentiation between the two terms. This paper clarifies those differences and references practical examples in the public discourse when both terms are being mixed up in a single term, resulting in negative implications on the social tourism – which means „tourism for all people". This paper draws on authors' own research as well as on analyses of professional books, articles and media reviews in the field of society and tourism. The aim of this paper is to further familiarize readership with the term "social tourism" and its future correct application, so that it doesn't get synonymous application with the term „social functions of tourism".*

Key words: *social, society, tourism, freedom, travel.*
ЈЕЛ класификација: *L8, L83*

## Вовед

Поттикнати од современите светски тенденции каде што туризмот полека ја губи својата масовност и сезоналност, и се преориентира во алтернативни форми и е застапен во текот на целата година, како и од се` поголемиот број на семејства кои неможат да си дозволат патувања и одмори претежно поради финансиски причини, дојдовме до идеја да го поставиме прашањето за социјалниот туризам, то ест можностите за туризам за сите.

Споредувањето на социјалните функции на туризмот со вистинското значење на социјален туризам во овој труд е од едноставна причина, односно, за да почнеме сите ние како туристички работници или теоретичари му го посветуваме вистинското внимание кое го заслужува денес социјалниот туризам, во денешниве современи комерцијални услови.

Се надеваме дека во блиска иднина туристичките работници како и државата, која се дефинира како социјална, ќе најде одржливо решение за развој на овој вид туризам.

[1] Николчо Петров, м-р, nikola@portioli.com.mk
[2] Златко Јаковлев, д-р, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk
[3] Цане Котески, д-р, редовен професор, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, cane.koteski@ugd.edu.mk

**Што значи зборот „социјален“?**

„Социјален“, доаѓа од латинскиот збор ***socius*** кој во буквален превод значи другар, и следствено на тоа произлегува зборот **societas** – кој значи друштво или општество, (Wikipedia, n.d.). Социологијата е наука која го проучува друштвото, со тоа и различните облици друштвени односи, друштвените интеракции и нивниот културолошки аспект. Подрачјата со кои се бави социологијата варираат од анализа на обичните секојдневните контакти меѓу анонимните поединци на улица, па се до проучувањето на социјалните интеракции на глобално ниво. (Znanje, n.d.).

**Што проучува Социологијата на туризмот?**

Предмет на социологија на туризмот е природата на самиот туризам, неговата суштина и структура и односот со значајни културни и социјални појави како што се патувања, ритуали, животни циклуси. Социологијата на туризмот е посебна социолошка (применета) дисциплина во самата социологија, која е една од општествените науки, (Studentski, n.d.).

**Функции на туризмот**

Уште во 1942 година, теоретичарите за туризам Хунцикер и Крапф истакнале дека фокусот на науката за туризам треба да биде во проучувањето на функциите на туризмот. Во таа смисла, туристичките функции се систематизираат претежно на: здравствена, културна, социјална, политичка и економска функција на туризмот, со тоа што постои повеќекратна зависност помеѓу овие функции. Функциите на туризмот се сфаќаат како сите активности кои се насочени кон целите на туризмот и неговите економски и неекономски ефекти. Тоа се сите ефекти на туризмот врз човекот, општеството, економијата, нестопанските дејности, природата, животната средина итн.(Galičić & Laškarin, 2016).

Функциите на туризмот ќе ги поделиме на две катекории:

1. **Економски функции** - кои ги вклучуваат сите активности кои се насочени кон остварување на економски цели, и како резултат се добиваат економски ефекти.
2. **Неекономски функции** – овде влегуваат функциите кои им пружат на туристите да ги задоволат нивните потреби за одмор, рекреација и рехабилитација. Овие функции имаат директно и индиректно влијание врз туристот. Неекономските функции влијаат на туристите како индивудуи, а со оглед на масовноста на туристите, и на туризмот во целина. Во историска смисла, овие функции се појавуваат први под влијание на мотивите и потребите, така што оправдано можеме да заклучиме дека туризмот не може да постои без неекономските функции.

Табела 1: *Поделба на функциите на туризмот*

| **Функции на туризмот** | |
|---|---|
| **Економски** | **Неекономски (општествени)** |
| Мултипликативна | Здравствена |
| Развојна | Културно - образовна |
| Вработување | Социјална |
| Платен биланс | Политичко - идеолошка |
| Размена на стока | |

Извор: Galičić, V., Laškarin, M. (2016). *Principi i praksa turizma i hotelijerstva.*, стр.71

Ако економските функции на туризмот треба да ги проучува Економика на туризмот, здравствените функции да ги проучува Здравствениот туризам, културните, социјалните, политичките функции треба да ги проучува Социологија на туризмот.

## Социјална функција на туризмот

Како што можеме да видиме, функциите на туризмот, економски или неекономски, се насочени кон туризмот првенствено како цел, и овозможуваат услови кои носат бенефити како на економијата, приватните стопанственици, така и врз туристите. Значи, кога авторите пишуваат за функции на туризмот, кога туристичките работници или државата работат на функциите на туризмот, овде станува збор за гледање на туризмот како стопанска гранка, а на туристите како потрошувачи и конзументи во таа гранка.

Социјалната функција на туризмот припаѓа на т.н. индиректни неекономски функции (со политичка функција). Тоа покажува дека туризмот влијае на намалување на социјалните разлики помеѓу индивидуалните човечки групи, класи, народи или раси. Луѓето не стануваат туристи за да се дружат или градат, но тие се последици од туризмот, спонтано или врз основа на психолошки или организациски подготовки направени од други фактори (Galičić & Laškarin, 2016).

Долго време, науката за туризам главно ги проучуваше токму овие неекономски функции на туризмот. Сепак, неодамнешниот приод на развој на туризмот покажува дека економските функции, без оглед на важноста на неекономските мотиви и функции, во современите услови не само што станаа речиси неразделни од другите, туку претставуваат еден од највпечатливите и практично најважните и сложените ефекти на туризмот. Тука треба да се забележи дека поимот „неекономски функции" веројатно не е соодветно избран, бидејќи некои од наведените неекономски функции деновиве имаат значителни економски ефекти (Galičić & Laškarin, 2016).

Социјалната комуникација претставува еден од основните елементи на општествената кохезија. Способноста на човекот да комуницира на еден специфичен начин во својата заедница е фактор на остварувањето на неговата хумана содржина. Така комуникацијата се одвива на локално, регионално, државно и светско ниво. Значајна улога во проширувањето на социјалната комуникација, покрај средствата за масовна комуникација има и туризмот. Денес туризмот и социјалната комуникација имаат планетарни размери (Тоновски, 1996).

Форсираниот развој на туризмот заради постигнување на што подобри економски ефекти, доведува до жртвување на човечките вредности и запоставување на неговите општествени функции, доведува до појава на се повеќе негативни елементи, како еколошки штети, безвредност и друго.

Најголема противречност на туризмот е што тој се развива во 19 век како привилегија на буржоаската класа, која воспоставила посебни правила за поминување на слободното време на се поголемиот број на луѓе, бидејќи тука видела нови извори на профит (Петров, 2020). Поради денешното претерано економско, комерцијално гледање на туризмот, не се посветува доволно внимание на човекот, неговите потреби, иако човекот е тој кој на туризмот му дава димензија на општествен феномен.

## Социјален туризам

**Социјалниот туризам** во буквална смисла значи „**туризам за сите**".

Се работи за поим кој е нов во туристичката теорија, и треба да ја означува секоја активност која има за цел вклучување во туристичките движења и на луѓето кои не можат да си дозволат комерцијален туризам поради финансиски причини, како и на маргинализираните групи на луѓе. Затоа е тешко да го сместиме во некоја од познатите категории туризам како масовен или алтернативен. Правилна поделба на туризмот би била на две категории, комерцијален и социјален, така што и двете категории можат да бидат масовни и алтернативни.

Последниве 30 години од овој систем, кој значи либерализација, приватизација, флексибилност, дерегулација, настанаа големи поделби во општеството, како во економските така и во социјалните сегменти. Во социјалните сегменти се подели здравството, образованието, културата, науката, на приватни и државни.

Одеднаш и туристичкиот сектор стана доминантно приватен, односно комерцијален, но се поделија и туристите, на тие кои имаат вишок пари и слободно време и можат да си го дозволат туризмот, односно одмор и патување, и тие кои немаат доволно пари и слободно време и неможат да си дозволат или не им се дозволува одмор или патување.

Туристичкиот производ стана луксузно, капитално добро, тој не треба да биде достапен на сите. Тоа е реалноста денес. Социјалниот туризам бил карактеристичен во периодот на социјализмот во СФР Југославија, додека со преминот од социјалистичкиот систем во неолибералниот капиталистички систем при крајот на 80 тите и почетокот на 90 тите, тој е уништен, занемарен, заборавен, како и многу други наследени придобивки од претходниот систем. После Втората Светска Војна, а посебно со почетокот на 60 тите години, граѓаните, работниците, платениот годишен одмор почнуваат да го сфаќаат како свое право кое е поврзано со животниот стандард во Европа, така да одморот станува дел од новиот општествен договор.

Меѓународната организација на работниците 1970 со Конвенцијата 132 препорачува платениот годишен одмор да трае од најмалку 3 недели, но многу земји тогаш веќе дозволуваа и 4 недели платен годишен одмор. Овие услови станаа камен темелник на послевоената туристичка индустрија бидејќи паролата „туризам за сите" не подразбирала само со закон загарантирано право, туку и можности за патувања. Спроведувајќи таква политика владите тежнееле кон јакнење на социјалната и националната хармонија. Масовноста била повеќе од потребна, а доколку граѓаните не биле во можност да си дозволат комерцијално сместување и така да станат туристи, државата, синдикатите и другите организации на разни начини го потикнувале системот на социјалниот туризам чија клучна предност биле пониските цени. Но погрешно е послевоениот социјален туризам во Југославија да се поврзува само со колективната и диригирана организациона пракса (Granditis & Taylor, 2013).

Според „Закон о међусобним односима радника у удруженом раду", Сл, 22 (1973), одморот е ограничен од 18 до 30 денови. Тоа е годината кога Југославија ја ратификува Конвенцијата 132 со „Закон о ратификации Конвенције број 132 Међународне организације рада о платеном годишњем одмору", Сл, 52 (1973), кога годишниот одмор се воздигнува на **уставно загарантирано право** со кое работодавачите мораат да го

даваат, а работниците не смеат да го одбијат. Со овие правни одредби е зацртано дека никој одморот не смее да го помине дома, така југословенскиот животен стандард и економската развиеност овозможуваат одлично опкружување за социјален туризам.

Системот на социјален туризам бил заснован на две главни основи:

1. Првото е паричните олеснувања, како снижени цени и регрес за годишен одмор,
2. Второто, капацитетите за сместување, работничките одморалишта или домовите за одмор.

Од 1952 година па се до распадот на СФР Југославија, работниците, службениците, членовите на синдикатите, војниците, полицајците, студентите и пензионерите остваруваат право на 40% попуст на пансион во сезона, односно на 60% попуст надвор од сезона, во траење од триесет дена (Duda, 2005). Домовите за одмор после војната често се сместени во национализиран имот, како приватни вили, хотели, имоти, во кои порано се разонодувала само високата буржоаска класа. Следејќи ја идејата за развој на социјалниот туризам, државата управувањето на овие објекти го препуштила на синдикатите, сојузните и републичките министерства, војската, масовните организации и задругите, то ест на самоуправување на работниците. Со преминот во новиот милениум, одморалиштата на работниците се прогласуваат за  нелојална конкуренција на туристичкиот бизнис. Во образложението на предлогот на Законот за угостителска дејност од 2006 година се вели дека „функцијата одморалишта како социјални категории, кои со важечкиот закон се уредуваат како објект, е одбиена со измената на законот од 2001 година со пропишување дека само угостител може да обезбеди угостителски услуги во нив, дека таквите постојни капацитети треба да бидат целосно комерцијализирани“.






Слика 1 и 2: *Туристички плакати од СФР Југославија*
Извор: https://www.blic.rs/riznica/nostalgije/nostalgija-pogledajte-kako-se-jugoslavija-nekad-reklamirala

## Цели на социјалниот туризам

Главна цел на социјалниот туризам е можности за сите општествени слоеви, и тие со пониски примања да се вклучат во светот на туризмот и патувањето надвор од местото на постојано живеење. Широка маса на луѓе се вклучува во туризмот, а многумина своето прво туристичко искуство, првиот годишен одмор, го имаат преку социјалниот туризам. Во СФР Југославија домашниот туризам во голема мера значело опуштање, забава и рехабилитација. Југословенскиот социјализам на поимот **одмарање** му придавал фундаментално значење бидејќи континуирано ја истакнувал идејата дека годишниот одмор е облик на искуствена компензација за работата, идеја која се вклопувала во целиот општествено - социјалистички проект. По примерот на тоа, југословенскиот устав од 1963 година го изгласал платениот годишен одмор како **право на работникот**, како и дневниот и неделниот одмор. „**Работникот има право на дневен и неделен одмор, и на платен годишен одмор во траење од најмалку 14 работни денови**“, - Устав на СФРЈ, 1963, член 37. Додека во Уставот од 1974 година, должината на загарантираниот одмор била зголемена на 18 работни денови.

Социјалната исклученост е позната како еден од главните проблеми на современото општество, а туризмот, односно неговиот социјален потенцијал, е познат како еден од можните начини за зголемување на социјалната кохезија и ублажување на проблемите на општествената исклученост и обесправеност. Денес Социјалниот туризам се дефинира како секоја туристичка активност која има за цел на сите обесправени и маргинализирани општествени слоеви да им осигура темелно човечко право на одмор и разонода, според член 24 од Општата декларација за човекови права на ОН. Светската туристичка организација UNWTO усвојува документ под име Глобални етички кодекс за туризам во кој, во членот 7 се дефинира „сеопшто право на туризам“ кое е природна последица на фундаменталното човеково право на одмор и разонода, загарантирано со членот 24, (UNWTO, 2001).

Европската унија покренува бројни иницијативи за развој на социјалниот туризам. Европската комисија во својот десетгодишен стратешки план под име Европа 2020 – Европска стратегија за пеметен, одржлив и инклузивен раст, на повеќе места ја нагласува потребата за зголемување на општествената и територијална кохезија на ЕУ, како и за јакнење на солидарноста помеѓу граѓаните, цели кои се во потполност ускладени со главните цели за развој на социјалниот туризам, (European Commission, 2010). Во Р. Хрватска, според нивната национална програма за социјален туризам, целни групи за вклучување во социјалниот туризам се:

1. Деца до 17 години,
2. Млади од 18 до 25 години,
3. Постари лица од 55 години и повеќе со ниски лични примања,
4. Лица со различни врсти инвалидитети, телесни, ментални, или оштетувања на сетилните органи,
5. Воени ветерани и страдалници од домовинската војна, (Republika Hrvatska, Ministarstvo turizma, 2014).




Слика 3: *Светски ден на туризмот. Туризам за сите.*
Извор: https://mint.gov.hr/vijesti/svjetski-dan-turizma-27-rujna-promovira-vecu-dostupnost-turizma-za-sve-skupine

Светскиот ден на туризмот се слави низ целиот свет, вклучително и во Хрватска, на 27 септември, како што е наложено од UNWTO, промовирајќи поголема достапност на туризмот и туристичката инфраструктура до сите групи на луѓе, особено оние со посебни потреби, старите лица и големите семејства со деца. Светскиот ден на туризмот има различна тема секоја година, избран од UNWTO, кој промовира подобро разбирање на трендовите во туризмот и важноста на одржливиот развој на туризмот. Со годинашната тема „Туризам и пристапност: промовирање на универзална пристапност“ UNWTO го привлекува вниманието на придобивките од пристапноста на туризмот за сите групи, меѓу другите и за ранливите, посиромашни, со физички и други пречки, кои имаат различни потреби за патувања од т.н. обични туристи (Republika Hrvatska, Ministarstvo turizma, 2016).

Како што можеме да видиме, социјалниот туризам настанал како последица на фундаменталното право на човекот на одмор и рекреација. Со добивањето на поголеми работнички права, работникот стекнал право и на платен годишен одмор. Врз основа на сето ова, и како компензација на вложениот труд во работниот процес, работникот добива еднаква можност за одмор и рекреација надвор од постојаното место на живеење. И тука настанува социјалниот туризам како категорија, бидејќи државата која има обврска да му го овозможи ова уставно загарантирано право на одмор и рекреација, почнува да гради капацитети, или да приспособува веќе постоечки капацитети за да можат да се сместат работниците кои заминуваат на нивниот заслужен годишен одмор. Овде не станува збор за економско или комерцијално гледање на туризмот, односно не се развиваат и градат туристички капацитети или туристичката гранка социјален туризам за да се привлечат туристи за да трошат пари и прават профити, туку човекот односно работникот е на прво место и државата му го овозможува неговото природно право на одмор и рекреација.

**Антипропаганда на Социјалниот туризам**

Цитирани статии од електронски медиуми:
„Австрија, Германија, Велика Британија и Холандија бараат можност за протерување на граѓани на другите земји на ЕУ, а за оваа иницијатива ќе стане збор на следната средба на министрите за внатрешни работи на Унијата. Во писмо упатено до членките на ЕУ уште пред шест месеци, овие четири земји побараа од Европската комисија да делува против т.н. „социјален туризам“.

Виенскиот весник „Пресе“, меѓутоа, укажува дека ова барање е во спротивност со слободата на движење во рамките на ЕУ, која во сите европски договори е наведена како една од четирите основни слободи во Унијата.

... Цел на четирите земји се, пред се, Ромите од Романија и Бугарија, за кои тврдат дека заминуваат во западна Европа со цел да живеат од социјална помош...

... Европската комисија истакнува дека не постои потреба за преземање мерки без јасни факти и податоци за злоупотреби на социјалните услуги, наведува „Пресе“. – Објавено во: Свет 07 Октомври 2013.“ (Фактор, 2013).

“ЕУ со упатство против „социјален туризам“, датум 13.01.2014.

Првичните, делумно спротивставени коментари од Брисел за социјалната помош за невработените доселеници уште повеќе ја поттикна дебатата за доселување. Сега Комисијата на ЕУ презентираше критериуми за социјална помош...

... „Уверен сум дека од наша страна најмногу што можеме да сториме е да појасниме како врз основа на постоечките закони на ЕУ може да се постапува против измама и злоупотреба“, рече Андор денеска во Брисел. Тој истотака претстави упатство на 50 страници за правилата за работа во земјите на ЕУ.

... Во Германија изминатата недела предизвика вознемиреност една експертиза на Комисијата на ЕУ за случај пред Европскиот суд. Бриселските власти во неа аргументираат дека германските власти не смеат паушално да ги исклучат ЕУ – странците од социјалната помош. Наместо тоа секој поединечен случај треба внимателно да се провери. Германските политичари на ова реагираа вознемирено“. (DW, 2014.).




Слика 5: *„Социјални туристи“ – според медиумите*
Извор: www.dw.com/mk/еу-со-упатство-против-социјален-туризам.

„Коментирајќи го случајот со Центарот за вработување во источногерманскиот град Лајпциг, кој го отфрли барањето за бенефиции на Романката и нејзиниот син, роден во Германија, Ватлет изјави дека властите имаат право да одбијат.

„Се работи за спречување на злоупотреба и одреден вид „социјален туризам“, рече адвокатот, користејќи фраза која стана политички обвинета во земји како Велика Британија, Германија, Австрија и Холандија, каде незадоволството се зголеми против некои имигранти од ЕУ кои бараат исплати за социјална помош“. (EU Business, n.d.).

Со цитирањето на овие текстови преземени од елекронските медиуми, покажуваме дека поимот Социјален туризам не е добро разбран од новинарите, или пак намерно го употребуваат во пежоративна смисла. Економските мигранти кои ја напуштаат својата татковина и заминуваат во западните економски развиени земји за да се вработат или користат таму социјални бенефиции, новинарите во своите текстови ги прикажуваат како „социјални туристи“.

Така тие ненамерно или намерно внесуваат погрешен впечаток кај читателите, кај стручните работници од областа на туризмот, и нанесуваат штета на целиот благороден проект како што е Социјалниот туризам.

## Заклучок и препораки

Во трудот го видовме вистинското значење на Социјалниот туризам. Медиумите, електронски и пишани, треба да престанат да го прикажуваат социјалниот туризам во пежоративна смисла, туку да го употребуваат неговото вистинско значење.

Потребата од практикување на социјалниот туризам е голема и значајна како за младите луѓе, работниците со ниски примања, пензионерите, маргинализираните групи луѓе, така и за државата во целина. Со социјалниот туризам добиваме зголемена социјална интеракција и комуникација на луѓето, а посебно на социјално исклучените групи на луѓе.

Бидејќи државата по Устав се дефинира како социјална, таа е должна да го почитува Уставот и да го овозможи фундаменталното право на одмор и рекреација за сите нејзини граѓани.

Во денешното капиталистичко општество каде што имаме само приватен комерцијален туризам, државата треба да обезбеди и општествени, државни туристички капацитети кои ќе нудат прифатливи цени и услови за туризам за сите, односно социјален туризам.

## Референци

1. Galičić, V., Laškarin, M. (2016). *Principi i praksa turizma i hotelijerstva*. Fakultet za menadžment u turizmu i ugostiteljstvu Opatija, Hrvatska.
2. Grandits, H., Taylor, K. (2013). *Suncana strana Jugoslavije*. Hrvatski institut za povijest, Zagreb, Hrvatska.
3. Duda, I. (2005*). U potrazi za blagostanjem. O povijesti dokolice I potrosackog drustva u Hrvatskoj 1950- ih I 1960-ih.* Srednja Europa, Zagreb, Hrvatska.

4. Петров, Н. (2020). *Општествени аспекти на туризмот* – магистерски труд. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика.
5. Тоновски, Ѓ.(1996). *Социјални функции на туризмот*. УКИМ, Скопје.
6. Republika Hrvatska, Ministarstvo turizma, (2014). Nacionalni program razvoja socijalnog turizma. Retrived from https://mint.gov.hr/UserDocsImages/AA_2018_c-dokumenti/akcijski%20planovi/010_151014_akc_p_socijal.pdf
7. UNWTO,( 2001). Global Code of Ethics for Tourism. Retrived from https://www.unwto.org/global-code-of-ethics-for-tourism/ (25.10.2020)
8. European Commission, 2010. Europe 2020 – A strategy for smart, sustainable and inclusive growt. Retrived from: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=CELEX%3A52010DC2020. (31.08.2020).
9. https://mint.gov.hr/vijesti/svjetski-dan-turizma-27-rujna-promovira-vecu-dostupnost-turizma-za-sve-skupine/11071. (31.08.2020).
10. Фактор.(2013*). Член на ЕУ стравуваат од содијалниот туризам*. Retrived from https://faktor.mk/chlenki-na-eu-stravuvaat-od-socijalniot-turizam/ (26.08.2020).
11. DW. (2014). *ЕУ со упатство против социјален туризам*. Retrived from www.dw.com/mk/еу-со-упатство-против-социјален-туризам/ (26.08.2020).
12. EU Business (n.d.). *Economy in Germany*. Retrieved from https://www.eubusiness.com/news-eu/economy-germany.w3g/ (31.08.2020).
13. Wikipedia. (n.d.). *Society Etymology and usage.* Retrieved from https://en.wikipedia.org/wiki/Society#Etymology_and_usage/ (25.10.2020).
14. Znanje (n.d.). *Sociologija*. Retrieved from *https://www.znanje.org/knjige/sociologija/11/01/soc0006.htm/* (25.10.2020).
15. Studentski (n.d.). *Sociologija turizma*. Retrieved from http://studentski.hr/system/materials/h/afdeb50e0af4241c64775a3dbd28911e611c428b.zip?1439380974/ (25.10.2020).